Уп. бр. 08- 76

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Позаваровалница Сава, д.д. со седиште во Љубљана, Република Словенија на Дунајска 56 и Заваровалница Триглав д.д. со седиште во Љубљана, Република Словенија на Миклошичева 19, доставено преку Адвокатско друштво Дебарлиев Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 16.10.2019 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Позаваровалница Сава, д.д. со седиште во Љубљана, Република Словенија на Дунајска 56 и Заваровалница Триглав д.д. со седиште во Љубљана, Република Словенија на Миклошичева 19 ќе формираат заедничко вложување преку преструктуирање на ЗТСР разисковање трга д.о.о. со адреса на Дунајска цеста 22, Љубљана, Република Словенија и преку кое ќе стекнат посредна контрола над: Кардиал специјалистична амбулантна дејавност д.о.о. со адреса на Залошка цеста 69, Љубљана, Република Словенија, Аристотел здравствени центар д.о.о. со адреса на улица Илије Грегорича 18А, Кршко, Република Словенија и Дијагностични центар Вила Богатин д.о.о. со адреса на Под Скало 4, 4260 Блед, Република Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 06.09.2019 година, а дополнето на 27.09.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од Позаваровалница Сава, д.д. со седиште во Љубљана, Република Словенија на Дунајска 56 и Заваровалница Триглав д.д. со седиште во Љубљана, Република Словенија на Миклошичева 19, со која Позаваровалница Сава, д.д. и Заваровалница Триглав д.д. ќе формираат заедничко вложување преку преструктуирање на ЗТСР разисковање трга д.о.о. со адреса на Дунајска цеста 22, Љубљана, Република Словенија и преку кое ќе стекнат посредна контрола над: Кардиал специјалистична амбулантна дејавност д.о.о. со адреса на Залошка цеста 69, Љубљана, Република Словенија, Аристотел здравствени центар д.о.о. со адреса на улица Илије Грегорича 18А, Кршко, Република Словенија и Дијагностични центар Вила Богатин д.о.о. со адреса на Под Скало 4, 4260 Блед, Република Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Позаваровалница Сава, д.д.** е со основна дејност во реосигурување и има регистрирано локално присуство во Република Северна Македонија преку:

1) Сава Осигурување АД Скопје со адреса на Загребска 28а, 1000 Скопје, активна во неживотно осигурување;
2) Друштво за техничко испистување и анализа на моторни возила САВА СТЕЈШН ДООЕЛ Скопје, со адреса на Загребска 28а, 1000 Скопје, кое врши технички прегледи; и
1) Сава пензиско друштво АД Скопје со адреса на Мајка Тереза 1, 1000 Скопје, активно во секторот за управување со пензиски фонд.

**Заваровалница Триглав д.д.** е со основна дејност во бизнисот на животно и неживотно осигурување, реосигурување и управување со пензиски фондови и има присуство во Република Северна Македонија преку:

2) Осигурување Триглав АД Скопје со регистрирана адреса на бул 8-ми Септември 16, 1000 Скопје, активно во неживотно осигурување;
3) Триглав Осигурување Живот АД Скопје со регистрирана адреса на бул 8-ми Септември 16, 1000 Скопје, активно во осигурување на живот; и
4) Триглав пензиско друштво АД Скопје, со регистрирана адреса на бул 8-ми Септември 16, 1000 Скопје, активно во секторот за управување со пензиски фонд.

**3TCP, разисковање трга д.о.о.** во моментов е активно во индустријата за истражување на пазарот, по концентрацијата истото ќе се трансформира во целосно функционирачко финансиско холдинг-друштво кое ќе биде холдинг компанија и ќе инвестира во компании на словенечкиот пазар на здравствена заштита.

**Кардиал специјалистична амбулантна дејавност д.о.о.** е со основна дејност во специјализирана медицинска пракса.

**Аристотел, здравствени центард.о.о.** е со основна дејност во општа медицинска пракса и специјалистичка медицинска пракса.

**Дијагностични центар Вила Богатин д.о.о.** е со основна дејност во специјализираната медицинска пракса.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**